Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

**од Сто четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25.6.2019 година**

**Скопје, јуни 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и првата седница на Владата на**
**Република Северна Македонија, одржана на 25.6.2019 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финаснии, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи, д-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи, Урим Вејсели, претставник од Центарот за управување со кризи и Александра Митреска од Министерсвото за економија.

Од седницата отсуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Асаф Адеми, министер за култура и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- ✓ Усвојување на Записникот од 136-та седница на Владата, одржана на 21.5.2019 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) Гости

1. Информација за испраќање на републички сили за заштита и спасување на меѓународна вежбовна активност за менаџирање на итни ситуации, која, под покровителство на Министерството за внатрешни работи - Сектор за вонредни ситуации на Република Србија и Министерството за цивилна одбрана на Руската Федерација, ќе се одржи од 25 до 27 јуни 2019 година, во Ниш, Република Србија, со Предлог-одлука

2. Информација во врска со одржувањето на редовното Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД за 2019 година, закажано за 28 јуни 2019 година

3. Информација за потребата од донесување на Одлука за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, со Предлог-одлука

4. Информација со Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Агенцијата за катастар на недвижности, со дополнување

5. Годишна сметка и Годишен извештај за работењето на ЈП за железничка инфраструктура - Македонски железници - Скопје за 2018 година, со Извештај од независен ревизор и Предлог-одлуки

6. Информација за финансиска поддршка на ЈП „Агро - берза"- Скопје

7. Информација со Предлог-одлуки за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - Прошетка на посетители во Националниот парк „Галичица", со превозно средство-пловен објект-чамец без мотор во Св.Наум

8. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

9. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на Номенклатура на територијални единици за статистика-НТЕС

10. Информација со барање за донесување на одлука за продажба на движни ствари од страна на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука (патнички моторни возила)

11. Збирен извештај за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините: Арачиново, Богданци, Валандово, Врапчиште, Делчево, Лозово, Могила, Прилеп, Ресен и Свети Николе

12. Барање за потребата од финансиски средства за новото општинско основно училиште во населба Капиштец (за опрема на училници, кабинети и други простории), поднесено од Општина Центар

13. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое претставува Г.П.бр.2 составена од К.П.бр.1214/2 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/6 КО Гази Баба, К.П.бр.1223/2 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/4 КО Гази Баба, К.П.бр.2162/4 КО Гази Баба, К.П.бр.2162/5 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/7 КО Гази Баба, К.П.бр.1215/3 КО Гази Баба, К.П.бр.1215/7 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/3 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/1 КО Гази Баба и К.П.бр.1214/3 КО Гази Баба со јавно

наддавање со намена на градба со намена за изградба на В4-државни институции, органи на локална самоуправа, со Предлог-одлука

14. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите У.бр.149/19 (КО Центар 1)

15. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.Бр.29/17 (КО Маџари)

16. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-926/16 (КО К'шање КПУ затвор Куманово со отворено одделение Крива Паланка)

17. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

18. Информација со Статутарна одлука за изменување на Статутот на Фондот за иновации и технолошки развој и Предлог-одлука

19. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

20. Деловен и Финансиски извештај за периодот од 1.1. до 31.12.2018 година на Фондацијата од јавен интерес - ПЕКСИМ

21. Информација за дигитализација на Системот за управување со кризи преку имплементацијата на NICS - Next Generation Incident Command System - NATO SPS Project (Следна генерација на Систем за управување со инциденти) во Република Северна Македонија

**б) економски систем и тековна економска политика**

22. Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2018 година

23. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

24. Информација во врска со обезбедување запишување на недвижности во сопственост на Република Северна Македонија на брана Петрешевац, со Предлог-одлука

25. Информација за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони и за вршење на стопански риболов на риболовни подрачја, со Предлог-одлуки

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на далековод за приклучок и трака за транспорт на бакарна руда од отворен склад од рудникот Боров Дол до отворен склад од рудникот Бучим КО Дамјан, КО Тополница и КО Бучим, Општина Радовиш, со Предлог-одлука

27. Информација во врска со одржување Годишно собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 28.6.2019 година

28. Информација за состојбата со исполнетоста на условите за добивање на дозвола за експлоатација на минерална суровина-бакар и злато, на локалитетот „Иловица", Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје

29. Информација за завршени преговори за склучување на Дополнителен Протокол 6 за трговија со услуги кон Договорот за измена и пристап до Договорот за слободна трговија на Централна Европа (ЦЕФТА), со усогласен текст на Дополнителен Протокол

30. Информација за Одлуката бр.1/2019 на Мешовитиот комитет ЦЕФТА за воспоставување на процедура за валидација за взаемно признавање на националните програми за овластени економски оператори на ЦЕФТА во поглед на безбедноста и сигурноста (ОЕОС), со усогласен текст на Нацрт - одлука

31. Информација за проширување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Нови Присад Стена" Општина Прилеп на Друштво за производство, услуги и трговија „АЛМАРКО МИНЕРАЛИ" ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

32. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Еми", Струмица, со Предлог-решение

33. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Етно Село", Младо Нагоричане со Предлог-решение

34. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Сент Никол", Пробиштип, со Предлог-решение

35. Информација за барање за произнесување по однос на писмо на намери од ПКГ ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Велес, во врска со судски спор помеѓу тужител АД ЕМО Охрид и Република Македонија како споредeн замешувач против тужен АДГ Пелагонија за долг

**в) политички систем**

36. Информација за текот на процесот на апликацијата за Националната франкофонска иницијатива за периодот 2019-2022 година, во Меѓународната организација на Франкофонијата, со усогласен текст на Меморандум

37. Информација за потпишување на Конвенцијата за надлежност, меродавно право, признавање, извршување и соработка во поглед на родителската одговорност и за мерките за заштита на децата (Хаг, 19 октомври 1996 година), со текст на Конвеција

38. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Х. против Република Северна Македонија А.бр.29683/16, со Предлог-одлука

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

39. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на правата на пациентите

40. Информација за потребата од набавка на лекот Nusinersen (Spinraza), за пациентите со Спинална мускулна атрофија (СМА), со дополнувањето

41. Информација за давање мислење за основање на општинско основно училиште „Панко Брашнаров“ во Општина Велес

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

42. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Дуните“, Општина Делчево

43. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот кај с. Брод и с. Бач, Општина Новаци

44. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија

**б) политички систем**

45. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „TORRI“, во Република Италија

46. Предлог-решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на македонскиот дел на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија

**в) човечки ресурски и одржлив развој**

47. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Институтот за духовно културно наследство на Албанците

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Кратово

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

49. Барање за давање на автентично толкување на член 166 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018), поднесено од пратеникот Џеват Адеми

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

50. Статут на Интернационален Универзитет Еурека Скопје (стар назив: ЕФТА - Скопје)

51. Статут на Приватна високообразовна професионална установа за бизнис Студии „Еуро Колеџ“ - Куманово, бр.03-83/1 од 21.5.2019 година

52. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.191525 за КО Драчево 2, КП бр.6464 место викано /улица Песовци класа 3

53. Понуда од нотар Драган Иванов од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.695 за КО Орман-Вон Г.Р на КП бр.240/1 место викано/улица Преко Јагура

54. Понуда од нотар Тана Топалоска од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.882 за КО Охрид 4 на КП бр.2743 место викано место/улица Патерица

## В) ДРУГИ ПРЕДЛОЗИ

55. Кадровски прашања

56. Прашања и предлози

## Г) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

57. Конечни извештаи извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија Сметка на основен буџет (603) и Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)

58. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - Максилофацијална хирургија, Сметка за средства од Фондот (737) и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)

59. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за мај 2019 година

60. Информација за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2018 година

61. Информација за преземените активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Роми 2014-2020, односно националните акциски планови за периодот јануари-март 2019 година

62. Информација за сервисирање на долгот за вода и репрограмирање на долгот за вода на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

63. Предлог-завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година, со Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност за 2018 година на Основниот буџет на Република Северна Македонија

64. Предлог-уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2020 година

65. Предлог-програма за потребите од специјалистички и суспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019 - 2022)

66. Информација со предлог за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, во учебната 2019/2020 година, со Предлог-одлука

67. Предлог-одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, Универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје во академската 2019/2020 година

68. Предлог-одлука за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола и Универзитетот „Гоце Делчев" Штип во академската 2019/2020 година

69. Предлог-одлука за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола, Универзитет во Тетово, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Универзитет за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле" Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, во учебната 2019-2020 година

70. Предлог-одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2019/2020 година

71. Предлог-одлука за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија

72. Информација за подготовките за учество на Делегација на Република Северна Македонија на конференцијата на високо ниво за Западен Балкан, на 4 и 5 јули 2019 година во Познан, Полска, со Предлог-платформа за настап на Делегацијата

73. Информација за Декларација на земјите од Западен Балкан за интеграција на Роми во рамки на процесот на проширување на Европската Унија, со текст на Декларација

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 136-та седница на Владата, одржана на 21.5.2019 година.

*

* *

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- **Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните инвестиции по ресори.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за испраќање на републички сили за заштита и спасување на меѓународна вежбовна активност за менаџирање на итни ситуации, која, под покровителство на Министерството за внатрешни работи - Сектор за вонредни ситуации на Република Србија и Министерството за цивилна одбрана на Руската Федерација, ќе се одржи од 25 до 27 јуни 2019 година, во Ниш, Република Србија, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за испраќање на републички сили за заштита и спасување за учество на меѓународна вежбовна активност за менаџирање на итни ситуации при спасување од урнатини

и поплави во Република Србија, со заклучок Точка 7 од Одлуката да се измени и да гласи „Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржувањето на редовното Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД за 2019 година, закажано за 28 јуни 2019 година и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1.Ја усвои Информацијата во врска со одржувањето на редовното Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД за 2019 година, закажано за 28 јуни 2019 година

2.Се овластува управителот на Нафтовод ДООЕЛ Скопје да го застапува друштвото Нафтовод ДООЕЛ Скопје на Генералното собрание на акционери на Вардакс, закажано за 28 јуни 2019 година, и по точките од Дневниот ред да се изјасни на следниот начин:

- По однос на првата точка од Дневниот ред, која се однесува на разгледување на управувањето за работењето во периодот 1.1.2018 - 31.12.2018 година и доставувањето на Извештајот на Одборот на директори, Владата на Република Северна Македонија го овластува управителот на Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „ВОЗДРЖАН“.
- По однос на втората точка од Дневниот ред, која се однесува на финансиските состојби за работењето на Друштвото од 1.1.2018 до 31.12.2018 година согласно со Меѓународните сметководствени стандарди (М.С.С.), со поврзаните извештаи на ревизорите под Заклетва и Извештајот на Одборот на директори на друштвото Претпријатие на нафтоводот Солун - Скопје - Вардакс АД Скопје да гласа „ВОЗДРЖАН“.
- По однос на третата точка од Дневниот ред, Владата го овластува управителот на Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „ВОЗДРЖАН“ за ослободување на членовите на Одборот на директори и на ревизорите од секоја одговорност за обештетување за работењето на Друштвото за 2018 година, согласно со членот 35 од европскиот закон 2190/20.
- По однос на четвртата точка од Дневниот ред, за одобрување на исплатеното обештетување кон членовите на Одборот на директори, Владата го овластува управителот на Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „ВОЗДРЖАН“.
- По однос на петтата точка од Дневниот ред се овластува управителот на Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „ВОЗДРЖАН“ за избор на редовни и заменици ревизори под заклетва во 2019 година, затоа што немаме конкретен предлог.
- По однос на шестата точка од Дневниот ред се овластува управителот на НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје да гласа „ВОЗДРЖАН“ затоа што немаме конкретен предлог.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлука за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата со Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Агенцијата за катастар на недвижности, со дополнување, поради потребата предлагачот да постапи согласно укажувањата во Мислењето на Министерството за транспорт и врски и истата да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

## Точка 5

Владата по Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на ЈП за железничка инфраструктура - Македонски железници - Скопје за 2018 година, со Извештај од независен ревизор и Предлог-одлуки, ги донесе:

1.Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници" - Скопје за 2018 година и

2.Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници" - Скопје за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за финансиска поддршка на ЈП Агро - берза Скопје, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за финансии до Владата да достави конкретен предлог за обезбедување на потребните средства.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлуки за давање на согласност на Спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - Прошетка на посетители во Националниот парк „Галичица", со превозно средство-пловен објект-чамец без мотор во Св.Наум ја усвои Информацијата и условно ги донесе:

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-122/2 од 18.04.2019 година).

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-133/2 од 18.04.2019 година).

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-134/2 од 18.04.2019 година).

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-135/2 од 18.04.2019 година).

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-137/2 од 18.04.2019 година).

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-139/2 од 18.04.2019 година).

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-148/2 од 18.04.2019 година).

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-153/2 од 18.04.2019 година).

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-158/2 од 18.04.2019 година).

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (бр. 08-162/2 од 18.04.2019 година).

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-169/2 од 18.04.2019 година).

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-171/2 од 18.04.2019 година).

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-172/2 од 18.04.2019 година).

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-173/2 од 18.04.2019 година) и

-Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица" (08-175/2 од 18.04.2019 година), доколку Министерството за животна средина и просторно планирање достави позитивно Мислење по текстот на одлуките.

## Точка 8

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи:

- Се задолжува Државниот инспекторат за земјоделство, во рок од 15 дена, да достави Извештај за сите површини со анасон во сите категории за извршените контроли, со список на економски оператори (лица, фирми и парцели) со предвидените приноси за 2018 година.

- Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, во рок од 15 дена, да достави преглед на кои од тие економски оператори и колку средства се исплатени со субвенции.

- Се задолжува Управата за јавни приходи, во рок од 15 дена, да достави преглед за тоа кои економски оператори, колкав приход и колкава продажба направиле од оваа култура.

**<u>Точка 9</u>**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на Номенклатура на територијални единици за статистика-НТЕС, во предложениот текст.

**<u>Точка 10</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со барање за донесување на одлука за продажба на движни ствари од страна на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука (патнички моторни возила), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**<u>Точка 11</u>**

Владата го разгледа Збирниот извештај за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините: Арачиново, Богданци, Валандово, Врапчиште, Делчево, Лозово, Могила, Прилеп, Ресен и Свети Николе и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои предлогот на Комисијата дека штетите во Општина Свети Николе, не претставуваат штети од поголем обем.

2. Се препорачува на општините Богданци, Валандово, Врапчиште, Делчево, Прилеп и Ресен во најкраток можен рок, не подолго од седум дена, да ја докомплетираат документацијата и да ја достават до Комисијата за проценка и утврдување на висината на штети од елементарни непогоди.

**<u>Точка 12</u>**

Владата го разгледа Барањето за потребата од финансиски средства за новото општинско основно училиште во населба Капиштец (за опрема на училници, кабинети и други простории), поднесено од Општина Центар и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Општина Центар до Министерството за образование и наука да достави соодветна спецификација на потребна опрема за новото општинско основно училиште во населба Капиштец.

2. Се задолжува Министерсвото за образование и наука во рамки на соодветна Програма да изврши набавка на опрема потребна за новото општинско основно училиште, побарана од Општина Центар.

## Точка 13

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое претставува Г.П.бр.2 составена од К.П.бр.1214/2 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/6 КО Гази Баба, К.П.бр.1223/2 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/4 КО Гази Баба, К.П.бр.2162/4 КО Гази Баба, К.П.бр.2162/5 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/7 КО Гази Баба, К.П.бр.1215/3 КО Гази Баба, К.П.бр.1215/7 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/3 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/1 КО Гази Баба и К.П.бр.1214/3 КО Гази Баба со јавно наддавање со намена на градба со намена за изградба на В4-државни институции, органи на локална самоуправа, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите У.бр.149/19 (КО Центар 1) и ја донесе Одлуката со заклучок Државното правобранителство на Република Северна Македонија да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 15

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-926/16 (КО К'шање КПУ затвор Куманово со отворено одделение Крива Паланка), во предложениот текст.

## Точка 17

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (нов текст) и условно ја донесе Одлуката со заклучок Основниот граѓански суд Скопје да изврши номотехнички усогласување на текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата со Статутарна одлука за изменување на Статутот на Фондот за иновации и технолошки развој и Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Фонд за иновациии и технолошки развој, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ги разгледа и усвои Деловниот и Финансискиот извештај за периодот од 1.1. до 31.12.2018 година на Фондацијата од јавен интерес - ПЕКСИМ.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за дигитализација на Системот за управување со кризи преку имплементацијата на NICS - Next Generation Incident Command System - NATO SPS Project (Следна генерација на Систем за управување со инциденти) во Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа активно да учествуваат во дигитализацијата на Системот за управување со кризи и целосно да го имплементираат и интегрираат NICS во своите институции.

2. Се задолжува Центарот за управување со кризи преку ко-директорот на NICS проектот за Република Северна Македонија, да ги интензивира активностите за имплементација на NICS, а за активностите да ја информира Владата редовно на секои шест месеци.

## Точка 22

Владата го разгледа Годишниот извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2018 година, го усвои Годишниот извештај и заклучи согласно член 27 од Законот за јавен долг да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

**Точка 23**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Живко Брајковски, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со обезбедување запишување на недвижности во сопственост на Република Северна Македонија на брана Петрешевац, со Предлог-одлука и го усвои со следните заклучоци:

1.Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности, во најкус можен рок, да изврши премер и да изработи Геодетски елаборати за браната со придружните објекти и акумулацијата Петрешевац.

2.Го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, што предлагачот ќе го усогласи со Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности.

3.Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена, да обезбеди несметан пристап до објектот и да ја воведе Агенцијата за катастар на недвижности за извршување на работите на премерот.

4.Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена, да подготват и до Владата да достават детална информација за статусот и моменталната состојба на повеќенаменските водостопански објекти, како и да предложат динамика за нивно запишување во сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 25**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“ и

2. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“, во предложените текстови.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на далековод за приклучок и трака за транспорт на бакарна руда од отворен склад од рудникот Боров Дол до отворен склад од рудникот Бучим КО Дамјан, КО Тополница и КО Бучим, Општина Радовиш, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на далековод за приклучок и трака за транспорт на бакарна руда од отворен склад од рудникот Боров Дол до отворен склад од рудникот Бучим КО Дамјан, КО Тополница и КО Бучим, Општина Радовиш, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување Годишно собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 28.6.2019 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Заклучоците од оваа информација да се достават до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Годишното собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 28.6.2019 година, односно да гласа како што е утврдено во третиот заклучок.

2. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го извести друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп за издаденото полномошно на претставникот на своите акции во Друштвото.

3. Го одобри начинот на гласање на Собранието од страна на својот претставник, по наведените точки од дневниот ред и тоа:

ДНЕВЕН РЕД:

Процедурален дел:

1) Избор на работни тела на Собранието
а) Верификациона комисија од 3 члена
- По оваа точка од друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на верификациона комисија. За оваа точка да гласа „ЗА“.
б) 1 бројач на гласови.
- По оваа точка од друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на бројач на гласови. За оваа точка да гласа „ЗА“.

2) Избор на претседавач на собрание на акционери
-Во доставениот материјал за седницата дадена е Одлука за избор на претседавач на Собрание. За оваа точка да гласа „ЗА“.

Работен дел:

1) Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2018 година, во прилог: Предлог-одлука за одобрување на Извештајот за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2018 година.

Предлог-одлука за одобрување на Извештајот за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2018 година. За оваа точка да гласа „ЗА“, по претходно постапување согласно дадените препораки во Информацијата.

2) Одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи за работата на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2018 година.

Предлог-одлука за одобрување Годишната сметка и финансиските извештаи за работата на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2018 година. За оваа точка да гласа „ЗА“, по претходно постапување согласно дадените препораки во Информацијата.

3) Одлука за кредитно заложување на тутуни-голема зделка.

Предлог-одлука за кредитно заложување на тутуни-голема зделка. За оваа точка да гласа „ЗА“ по претходно постапување согласно дадените препораки во Информацијата.

4) Одлука за пролонгирање-продолжување на рокот на важење на Договор за рамковен револвинг лимит врз основа на договорен залог бр.0902-759 од 1.11.2017 година склучен со НЛБ банка АД Скопје и Договорот за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право бр.08.2100-277/1 од 14.11.2017 година склучен со „Комерцијална банка“ АД Скопје.

Предлог-одлука за пролонгирање-продолжување на рокот на важење на Договор за рамковен револвинг лимит врз основа на договорен залог бр.0902-759 од 1.11.2017 година склучен со „НЛБ банка" АД Скопје и Договорот за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право бр.08.2100-277/1 од 14.11.2017 година склучен со „Комерцијална банка" АД Скопје. За оваа точка да гласа „ЗА", по претходно постапување согласно дадените препораки во Информацијата.

5) Разгледување и усвојување на Извештајот од извршената ревизија на годишните сметки и финансиските извештаи на „Тутунски комбинат" АД за деловната 2017 година.

Предлог-одлука за одобрување на извештајот на независниот ревизор за деловната 2018 година. За оваа точка да гласа „ЗА".

6) Одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори

-Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со „Тутунски комбинат" АД Прилеп на Кире Станкоски (извршен член). За оваа точка да гласа „ЗА".

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со „Тутунски комбинат" АД Прилеп на Татјана Стефаноска (извршен член). За оваа точка да гласа „ЗА".

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со „Тутунски комбинат" АД Прилеп на Гоце Мојаноски (извршен член). За оваа точка да гласа „ЗА".

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со „Тутунски комбинат" АД Прилеп на Никола Џамбазовски (неизвршен член). За оваа точка да гласа „ЗА".

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со „Тутунски комбинат" АД Прилеп на Златко Сарев (неизвршен член). За оваа точка да гласа „ЗА".

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со „Тутунски комбинат" АД Прилеп на Гоце Јосифоски (неизвршен член). За оваа точка да гласа „ЗА" и
- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со „Тутунски комбинат" АД Прилеп на Шеваљ Цеку (неизвршен член). За оваа точка да гласа „ЗА".

7) Назначување овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на „Тутунски комбинат" АД Прилеп за деловната 2019 година.

Предлог-одлука за назначување овластен ревизор. За оваа точка да гласа „ЗА".

8) Изменување и дополнување на Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Предлог-одлука за изменување и дополнување на Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп (бр.02-2/2 од 28.11.2016 година). За оваа точка да гласа „ЗА“, по претходно постапување согласно дадените препораки во Информацијата.

9)Избор на членови на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Предлог-одлука за избор на член на одбор на директори. За оваа точка да гласа „ЗА“, по претходно постапување согласно дадените препораки во Информацијата.

Истовремено, Владата го задолжи претставникот на акциите на Владата во Тутунски комбинат АД Прилеп да предложи да се дополни Дневниот ред на Годишното собрание на акционери со нова точка - отпочнување постапка за продажба на Друштвото во рок од 60 дена, со цел да се донесе одлука за продажба на Друштвото.

## Точка 28

Владата по Информацијата за состојбата со исполнетоста на условите за добивање на дозвола за експлоатација на минерална суровина-бакар и злато, на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје (нов текст), со Барањето за извадање на дозвола за експлоатација на минерални суровини и дополнителните документи ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија да ја разгледа правната исполнетост на Барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина-бакар и злато на локалитетот „с.Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје и согласно законски определените услови, доколку се исполнети условите, со решение да го одбие Барањето за издавање дозвола за експлоатација на минерална суровина-бакар и злато на локалитетот „с.Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје.

2. Се задолжува Министерството за економија доколку се исполнети законските услови за одбивање на Барањето за издавање дозвола за експлоатација на минерална суровина-бакар и злато на локалитетот „с.Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје, да подготви и до Владата да достави предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија.

## Точка 29

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за завршени преговори за склучување на Дополнителен Протокол 6 за трговија со услуги кон Договорот за измена и пристап до

Договорот за слободна трговија на Централна Европа (ЦЕФТА), со усогласен текст на Дополнителен Протокол и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Дополнителниот Протокол 6 за трговија со услуги кон Договорот за изменување и пристапување кон Договорот за слободна трговија на Централна Европа (ЦЕФТА).

2. Се овластува Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија, да присуствува на состанокот на Вонредниот Мешовит комитет на ЦЕФТА и во име на Владата на Република Северна Македонија, да гласа за усвојување на Дополнителниот Протокол 6 за трговија со услуги.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за Одлуката бр.1/2019 на Мешовитиот комитет ЦЕФТА за воспоставување на процедура за валидација за взаемно признавање на националните програми за овластени економски оператори на ЦЕФТА во поглед на безбедноста и сигурноста (ОЕОС), со усогласен текст на Нацрт - одлука, ја усвои и го прифати усогласениот текст на Нацрт - одлуката бр.1/2019 на Мешовитиот комитет ЦЕФТА за воспоставување на процедура за валидација за взаемно признавање на националните програми за овластени економски оператори на ЦЕФТА во поглед на безбедноста и сигурноста (ОЕОС).

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за проширување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Нови Присад Стена“ Општина Прилеп на Друштво за производство, услуги и трговија „АЛМАРКО МИНЕРАЛИ“ ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за проширување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Нови Присад Стена“ Општина Прилеп на Друштво за производство, услуги и трговија АЛМАРКО МИНЕРАЛИ ДООЕЛ Скопје, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење по материјалот.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Еми“, Струмица, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Еми“, Струмица, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со седиште на ул. Астраион бр. 64 Струмица), во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Етно Село“, Младо Нагоричане со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Етно Село“, Младо Нагоричане, со седиште на ул. Нас. место без уличен систем Младо Нагоричане, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Сент Никол“, Пробиштип, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Сент Никол“, Пробиштип со седиште на ул. Јордан Стојанов бр. 2 Пробиштип, хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за барање за произнесување по однос на писмо на намери од ПКГ ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Велес, во врска со судски спор помеѓу тужител АД ЕМО Охрид и Република Македонија како спореден замешувач против тужен АДГ „Пелагонија“ за долг и притоа заклучи:

1. Да се одбие предлогот на ПКГ ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Велес, по предлог на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, во име на Владата да ја провери состојбата на доверителот („Југоимпорт“ од Белград) во врска со долговите кон поранешен АД ЕМО Охрид како и долговите кон државата и согласно тоа да ја информира Владата за можностите/активностите кои што Република Северна Македонија ќе може да ги преземе како следни чекори во обиди за наплаќање на ова побарување.

**Точка 36**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот на процесот на апликацијата за Националната франкофонска иницијатива за периодот 2019-2022 година, во Меѓународната организација на Франкофонијата, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за партнерство за Националните франкофонски иницијативи и институции (2019 - 2022).

2. Се овластува министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров, да го потпише Меморандумот за партнерство за Националните франкофонски иницијативи и институции ( 2019 - 2022).

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, најмалку два пати годишно да ја информира Владата за тековните активности за програмата - Национална франкофонска иницијатива за периодот 2019 - 2022 година.

Истовремено, Владата заклучи во содржината на Информацијата, наместо зборовите „Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор" да стои „Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците".

## Точка 37

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Конвенцијата за надлежност, меродавно право, признавање, извршување и соработка во поглед на родителската одговорност и за мерките за заштита на децата (Хаг, 19 октомври 1996 година), со текст на Конвеција и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потпишување на Конвенцијата за надлежност, меродавно право, признавање, извршување и соработка во поглед на родителската одговорност и за мерките за заштита на децата (Хаг, 19 октомври 1996 година).

2. Го прифати текстот на Конвецијата за надлежност, меродавно право, признавање, извршување и соработка во поглед на родителската одговорност и за мерките за заштита на децата (Хаг, 19 октомври 1996 година),

3. Се определува д-р Рената Дескоска, министер за правда, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Конвенцијата за надлежност, меродавно право, признавање, извршување и соработка во поглед на родителската одговорност и за мерките за заштита на децата (усвоена во Хаг, на 19 октомври 1996 година).

## Точка 38

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот X. против Република Северна Македонија А.бр.29683/16, со Предлог-одлука и го усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

2. Се задолжува Управата за водење на матичните книги во најитен рок да одлучи позитивно по барањето на апликантот Х. за промена на ознаката за пол и едиствениот матичен број и за тоа да го извести Министерството за правда - Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права.

3. Се задолжува Управата за водење на матичните книги, по сите слични барања за промена на полот и единствениот матичен број во матичната евиденција, како она во случајот на Х. да одлучи во согласност со пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Х. против Република Северна Македонија, и таму реферираната судска пракса, како и во согласност со барањата од државата во процесот на извршување на пресудата на Европскиот суд за човекови права, а во однос на таквото постапување и одлучување детално да го извести Министерството за правда -Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права.

4. Се задолжува Министерството за правда најдоцна до крајот на ноември 2019 година до Владата да достави Предлог-закон за изменување на Законот за матична евиденција за целите на пополнување на правната празнина детектирана со пресудата на Европскиот суд за човекови права Х против Република Северна Македонија, А.бр.29683/16, со кој ќе се овозможи признавање на родовиот идентитет на трансродовите лица согласно позитивното меѓународно законодавство и почитувањето на сите човекови права.

## Точка 39

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на правата на пациентите (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Асим Муса, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Ангелина Бачановиќ, раководител на сектор во Министерството за здравство.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од набавка на лекот Nusinersen (Spinraza), за пациентите со Спинална мускулна атрофија (СМА), со дополнувањето и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни средства во буџетот на Министерството за здравство за 2019 година за набавка на лекот Nusinersen (Spinraza), согласно последните пресметки кои ќе се направат пред донесувањето на изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година.

2. По обезбедување на финансиските средства од страна на Министерството за финансии, се задолжува Министерството за здравство да ја спроведе постапката за доделување на договор за јавна набавка за лекот Nusinersen (Spinraza).

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за давање мислење за основање на општинско основно училиште „Панко Брашнаров“ во Општина Велес, ја усвои и даде позитивно мислење за основање на ново основно општинско училиште „Панко Брашнаров“ - Велес.

## Точка 42

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Дуните“, Општина Делчево, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот кај с. Брод и с. Бач, Општина Новаци, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 45

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „TORRI“, во Република Италија, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за именување на претседател и членови на македонскиот дел на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, со заклучок членот од Министерството за финансии да изостане (да се избрише алинеја 3 од точка 2).

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Институтот за духовно културно наследство на Албанците, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Кратово, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 166 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018), поднесено од пратеникот Џеват Адеми, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за образование и наука во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви и до Владата да достави мислење по Барањето.

**Точка 50**

Владата го одложи разгледувањето на Статутот на Интернационален Универзитет Еурека Скопје (стар назив: ЕФТА - Скопје), за некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 51**

Владата го разгледа Статутот на Приватната високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро Колеџ" - Куманово и притоа го утврди следното мислење:

Во текстот на Статутот на Приватната високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро Колеџ" - Куманово бр.01-183/2 од 2.5.2019 година, најголем дел од забелешките на Владата на Република Северна Македонија се вградени.

Меѓутоа, забелешката по однос на член 47 и 48 од претходниот текст на Статутот, односно по членовите 89, 90 и 91 од новиот текст на Статутот а која требаше да биде усогласена со член 137 од Законот за високото образование не е вградена во новиот текст на Статутот.

Имено, согласно член 22 од Законот за високото образование, Самостојна висока стручна школа може да врши високообразовна дејност како стручни студии од прв циклус на образование и специјалистички стручни студии од втор циклус на образование согласно Законот за високото образование.

Во членот 157 став 2 од новиот текст на Статутот, изразите треба да бидат усогласени

со одредбите од Законот кои се однесуваат на Самостојна висока стручна школа, како што се членовите 161 и 162 од Законот за високото образование.

Освен горе изнесеното, Владата на Република Северна Македонија нема дополнителни забелешки по текстот на Статутот на Приватната високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро Колеџ“ - Куманово.

**<u>Точка 52</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.191525 за КО Драчево 2, КП бр.6464 место викано /улица Песовци класа 3 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 53</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Драган Иванов од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.695 за КО Орман-Вон Г.Р на КП бр.240/1 место викано/улица Преко Јагура и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**<u>Точка 54</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Тана Топалоска од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.882 за КО Охрид 4 на КП бр.2743 место викано место/улица Патерица и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 55

1. Владата го разреши Александар Филиповски од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

2. Владата ја разреши Надица Анчевска од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, на нејзино барање.

3. Владата за претседател и членови на Комисијата за изготвување на акти за:организација и работа на Агенцијата, за систематизација на работни места во Агенцијата и за утврдување вредност на бодот за пресметување на основната плата за работните места во Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, ги назначи:

а) за претседател:
- Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија.

б) за членови од редот на работниците во Министерството за внатрешни работи:
- Ивона Јовческа Димовска, началник на Сектор во Управата за безбедност и контраразузнавање,
- Снежана Петровиќ-Арсовска, началник на Сектор во Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси,
- Маја Смилевска, началник на Одделение во Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси и
- Фаредин Зенуни, главен инспектор во Управата за безбедност и контраразузнавање.

4. Владата за претседател и членови на Комисијата за селекција и избор на работниците од Управата за безбедност и контраразузнавање, ги назначи:

а) за претседател:
- Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија.

б) за членови:
двајца претставници од Министерството за внатрешни работи:
- Бујар Ајрулау, помошник директор во Управата за безбедност и контраразузнавање,
- Даниела Јаковлески Ѓоршоска, помошник директор во Управата за безбедност и контраразузнавање

двајца пратеници на предлог на надлежното работно тело на Собранието на Република Северна Македонија за надзор на работата на Агенцијата:

- Јован Митрески и
- Трајчо Димков

двајца претставници на Македонскиот полициски синдикат, како репрезентативен синдикат во Министерството
- Марјан Кицев, претставник на Македонскиот полициски синдикат и
- Борче Грујоски, претставник на Македонскиот полициски синдикат.“

## Точка 56

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 17 јуни 2019 година до 23 јуни 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

2. По повод освојувањето на златниот медал на младиот репрезентативец Бесир Алили на Европското кадетско првенство во борење што се одржа во Фиренца, Италија, Владата заклучи да се додели парични награди, за постигнатиот успех, во износ од 1.000.000,00 денари за борачот и 300.000,00 денари за неговиот тренер, за што Министерството за финансии да подготви одлука која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

3. По повод Барањето на Здружението Ромски деловен информативен центар до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-2064/1 од 21 јуни 2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на редовната парламентарна седница на Интернационалната Ромска Унија - ИРУ, Владата заклучи:

- се задолжува Генералниот секретаријат од буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, програма 1 - Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-Разни трансфери да уплати 180.000,00 денари на трансакциската сметка на горенаведениот субјект.

4. По повод Барањето на Националната установа „Филхармонија на Република Северна Македонија“ до Канцеларијата на претседателот на Влада на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-1488/1 од 13 мај 2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на концертот по повод 116 години од смртта на Гоце Делчев во Камерната сала на Филхармонијата, Владата заклучи:

- се задолжува Генералниот секретаријат од буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, програма 1 -Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-

Разни трансфери да уплати 150.000,00 денари на трансакциската сметка на горенаведениот субјект.

5. По повод Барањето на Национална установа-Охридско лето до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-1464/3 од 25 јуни 2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на Фестивалот „Охридско лето“, Владата заклучи:

- се задолжува Генералниот секретаријат од буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, програма 1 - Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-Разни трансфери да уплати 3.000.000,00 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект.

6. Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

7. По повод освојувањето на првото место на ракометниот клуб Вардар од Скопје во Лигата на шампионите на Европската ракометна федерација за 2019 година што се одржа во Келн, Сојузна Република Германија, Владата заклучи да се додели парична награда во износ од 30.000.000,00 денари, како план на Агенцијата за млади и спорт, за постигнатиот успех, за што Министерството за финансии да подготви одлука која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

8. По повод прибирање на понуди за можен избор и ангажирање на меѓународна адвокатска куќа која ќе ја застапува Република Северна Македонија пред Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз по арбитражниот предмет поведен од страна на тужителот ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ, СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ, против Република Северна Македонија како тужена страна, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, во рок од три дена, да пристапи кон прибирање на понуди за можен избор и ангажирање на меѓународна адвокатска куќа која ќе ја застапува Република Северна Македонија пред Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз по арбитражниот предмет поведен од страна на тужителот ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ, СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ, против Република Северна Македонија како тужена страна, заведен под број 24112/ГР, а која има релевантно искуство во областа.

2. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, во рок од седум дена од пристигнување на понудите на странските адвокатски фирми до Владата да достави предлог за избор.

9. Владата го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR), во предложениот текст.

## Точка 57

Владата ги разгледа Конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија Сметка на основен буџет (603) и Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Агенцијата за филм на Република Македонија, Сметка на основен буџет (603) и Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 14 дена да го достави до Владата и Државниот завод за ревизија.

## Точка 58

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - Максилофацијална хирургија, Сметка за средства од Фондот (737) и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат-Максилофацијална хирургија Скопје да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - Максилофацијална хирургија, Сметка за средства од Фондот (737) и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 59**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за мај 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Роми 2014-2020, односно националните акциски планови за периодот јануари-март 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за сервисирање на долгот за вода и репрограмирање на долгот за вода на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство во иднина да не доставува информации за сервисирање на долгот за вода и репрограмирање на долгот за вода на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје, со оглед дека долгот за вода е наплатен од страна на ЈП Водовод и канализација.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Предлог-завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година, со Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност за 2018 година на Основниот буџет на Република Северна Македонија, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја донесе.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Маја Аргировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**<u>Точка 64</u>**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2020 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 65</u>**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019 - 2022), во предложениот текст.

**<u>Точка 66</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2019/2020 година, со Предлог-одлука и имајќи ги предвид предлозите изнесени во расправата на седницата, ја одложи од разгледување за наредната седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој со следниве заклучоци:

1.Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

1.1. На Архитектонски факултет, на студиите по Архитектура, вкупниот број на студенти да се зголеми на ниво колку што биле запишани во претходната 2018/2019 учебна година;

1.2. На факултетот за Информатички науки и компјутерско инженерство, на студиите по Софтверско инженерство и информациски системи, вкупниот број на студенти да се зголеми на 80, како во претходната учебна 2018/2019 година;

1.3. Се задолжува Министерството за образование и наука да достави детално образложение зошто е предвидено двојно зголемување на квотите кај редовните студенти со кофинансирање на Економскиот факултет;

1.4. На Филозофскиот факултет, на студиите по Безбедност, одбрна и мир, вкупниот број на студенти да се намали, имајќи го предвид вкупниот број на запишани студенти во претходната учебна 2018/2019 година;

1.5. На Филозофскиот факултет, на Родовите студии, вкупниот број на студенти да се измени и да биде како претходната учебна 2018/2019 година, односно наместо 50 да биде 60;

1.6. На Филозофскиот факултет, на Семејните студии, вкупниот број на студенти да се измени и да биде како претходната учебна 2018/2019 година, наместо 60 да биде 50;

1.7. На Филозофскиот факултет, на студиите по Библиотекарство, да се преоцени вкупниот број на студенти, имајќи предвид дека во минатата учебна 2018/2019 година запишани се само 6 студенти;

1.8. На Медицинскиот факултет, на студиите по општа медицина, вкупниот број на студенти да се зголеми, односно наместо предложените 200 да биде 300;

1.9. На Медицинскиот факултет, на студиите за медицински сестри /техничари, вкупниот број на студенти да се зголеми, односно наместо предложените 110 да биде 120;

1.10. На Факултетот за земјоделски науки и храна, на студиите по агроекономика, вкупниот број на студенти да се намали, имајќи го предвид вкупниот број на запишани студенти во претходната учебна 2018/2019 година;

1.11. На Шумарскиот факултет, да се намалат предложените квоти на сите студии, имајќи го предвид бројот на запишани студенти во претходната учебна 2018/2019 година;

2. Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола:

2.1. На Технолошко - техничкиот факултет - Велес, на сите студии, имајќи го предвид вкупниот број на запишани студенти во претходната 2018/2019 учебна година, вкупниот број на студенти да се намали, односно наместо по 70 да биде по 25;

3. Универзитет во Тетово:

3.1. Сите предложени дисперзирани студии да изостанат.

4. На Универзитетот „Гоце Делчев" Штип:

4.1. Да се преоцени потребата од постоење на дисперзираните студии по Бизнис економија - Скопје од Економскиот факултет - Штип;

4.2. На Земјоделскиот факултет - Штип, на сите студии вкупниот број на студенти да се намали, имајќи го предвид вкупниот број на запишани студенти во претходната учебна 2018/2019 година;

4.3. На Машинскиот факултет - Виница, на сите студии вкупниот број на студенти да се намали, имајќи го предвид вкупниот број на запишани студенти во претходната учебна 2018/2019 година;

5. Се задолжува Министерство за образование и наука, согласно овие изменувања, да подготви и до Владата да достави нов пречистен и усогласен текст на Предлог-одлуката.

6. Се задолжуваат сите членови на Владата, доколку имаат одредени предлози по однос на содржината од Предлог-одлуката истите во најкус можен рок писмено да ги доставаат до министерот за образование и наука.

7. Се задолжува Министерство за образование и наука за наредната уписна година да подготви детална информација, со конкретна анализа и предлози, како и акциски план, кои ќе ги опфатат сите аспекти на образованието во Република Северна Македонија (моментална состојба, дисперзираните студии, финансиски импликации за универзитетите и факултетите, финансиски импликации за наставниот кадар, состојбата со суфицит/дефицит на наставен и технички кадар и слично) и истата ќе се искористи при преземање на идни мерки и активности во образованието и науката како и за навремена и длабинска подготовка на Предлог-одлуката за бројот на студентите кои се запишуваат на јавни високообразовни установи.

## Точка 67

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2019/2020 година, поради потребата од дополнително усогласување и усогласување со Секретаријатот за законодавство и да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 68

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола и Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип во академската 2019/2020 година, поради потребата од дополнително усогласување и усогласување со Секретаријатот за законодавство и да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 69

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на

Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола, Универзитет во Тетово, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Универзитет за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2019-2020 година, за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој поради потребата од дополнителни усогласувања и предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2019/2020 година и ја донесе Одлуката со заклучок во членот 2 во табеларниот преглед под реден број 2 „ Стипендија за талентирани ученици од средното образование“ бројот на стипендии наместо 80 да биде 100 и предлагачот редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 71**

Владата ја донесе Одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија, со заклучок предлагачот претходно да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовките за учество на Делегација на Република Северна Македонија на конференцијата на високо ниво за Западен Балкан, на 4 и 5 јули 2019 година во Познан, Полска, со Предлог-платформа за настап на Делегацијата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија да ги презентираат ставовите содржани во Предлог-платформата за настап на сесиите, кои се предвидени во рамки на програмата на Конференцијата.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи да направат првична консултација со бугарската страна околу концептот на идното копретседавање со Берлинскиот процес.

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, со коморите и другите надлежни институции да го координира претставувањето на бизнисите од Република Северна Македонија на штандовите за време на Самитот.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги спроведе сите неопходни дипломатски и протоколарни подготовки поврзани со учеството на Делегацијата на Република Северна Македонија на Конференцијата.

**<u>Точка 73</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за Декларација на земјите од Западен Балкан за интеграција на Роми во рамки на процесот на проширување на Европската Унија, со текст на Декларација, ја усвои Информацијата и ја задолжи Делегацијата со членови од Владата на Република Северна Македонија која ќе учествува на Бизнис форумот на лидерите на земјите од Западен Балкан да постапат согласно дадените насоки кон усвојување/потпишување на Декларацијата на земјите од Западен Балкан за интеграција на Роми во рамки на процесот на проширување на Европската Унија.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 17:05 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Зоран Заев |